РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-848/1
01 02 2012 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
01.02.2012г.
07 113 1 -

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни стручни студии за Спортски тренери на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни стручни студии за Спортски тренери на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното Решение бр. 12-75/3 од 20.12.2011 година од страна на Одборот за акредитација на студиската програма од прв циклус тригодишни стручни студии за Спортски тренери, Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 07-1222 од 22.12.2011 година, доставено до Министерството за образование и наука под наш број 13-8204/1 од 23.12.2010 година за извршување на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма од прв циклус стручни студии во траење од три години.

Министерот за образование и наука со Решение бр. 13-8204/2-11 од 16.01.2012 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 23.01.2011 година, изврши увид и изготви извештај бр. 13-8204/3-11 од 24.01.2012 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус тригодишни стручни студии за Спортски тренери на Факултетот за физичка култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
м-р Панче Кралев

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ